# АНДАЛУЗИЈА Нова Година

**28.12.2025 – 03.01.2026 | 6 ноќи - 7 дена | Вклучени екскурзии | Лет од Скопје**

**Авионска програма ✈**



| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **Turkish Airlines (Скопје – Истанбул –Севиља – Малага – Истанбул - Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **28.12.2025 во 09:15ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **28.12.2025 во 13:50ч (Севиља)** |
| **Сместување:** | **Хотел 4* во Севиља и Хотел 3* во Малага** |
| **Услуга:** | **6 ноќевања на Ноќевање со појадок** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + вклучени екскурзии + претставник од Македонија** |
| **Враќање во Скопје:** | **03.03.2026 во 19:45ч.** |

## НОВОГОИШНА МАГИЈА ВО АНДАЛУЗИЈА

### Земја на сонцето, фламенкото и богатото културно и уметхичко наследство

Добредојдовте во срцето на јужна Шпанија, каде што мавританската историја и фасцинантна архитектура се испреплетува со шпанската традиција. Белите села се спуштаат по планинските падини, а мирисот на портокалови цветови и звукот на гитара ќе ве водат низ секој агол. Ќе ги откриете градовите на уметноста и архитектурата – **Севиља, Гранада, Кордоба и Малага**, ќе се восхитувате на **Алхамбра**, на старите еврејски и мавритански квартови и на живописната андалузиска култура што плени со својата топлина и колорит. **Андалузија** е и дом на вистинското **фламенко** – страстен израз на душата, како и на богата гастрономија во која ќе уживате преку вкусовите на тапаси, пршута, маслиново масло и квалитетно вино. Програма низ која ќе го доживеете овој дел од Шпанија со сите сетила!

## ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ

### 1 ДЕН. 28.12.2025 СКОПЈЕ- ИСТАНБУЛ – СЕВИЉА

Состанок на групата на аеродром ТАВ – Скопје во 07:15 часот. Полетување за Истанбул во 09:15 часот со Turkish Airlines (TK1004). Пристигнување во 12:50 и лет од Истанбул за Севиља во 13:50 часот (TK1299). Слетување во 16:45 часот.
Трансфер до хотел и сместување. Слободна вечер за прв контакт со топлата андалузиска атмосфера. Ноќевање.

### 2 ДЕН. 29.12.2025 СЕВИЉА

Појадок. Започнуваме со панорамска тура низ Севиља, водена од наш локален туристички водич кој ќе ни ги покаже најважните знаменитости на градот. Ќе го посетиме познатиот Плоштад на Шпанија – архитектонско ремек дело, како и прекрасниот Парк Марија Луиза. Продолжуваме со пешачка тура низ центарот на Севиља, вклучувајќи ја и историската еврејска населба Санта Круз, позната по своите тесни улички и романтични плоштади. Ќе ја разгледаме Катедралата на Севиља (влезници со доплата) како и Алказар Палатата (една од најголемите во светот). Alcázar Севиља (или Alcázar de Sevilla), еден од најпознатите и најубавите историски споменици во Шпанија, со изразити архитектонски и културолошки карактеристики. Тоа е дворец и тврдина која е синоним за културната и историската богатство на Севиља. Alcázar бил изграден како арапска тврдина во 10-тиот век, за време на


АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk

владата на Омеијадите, а потоа бил проширувaн и реставриран од различни христијански монарси, особено по повторното освојување на Севиља од страна на Кастилците во 1248 година. Дворецот продолжил да се користи како кралска резиденција и денес е сè уште резиденција на шпанското кралско семејство кога тие ја посетуваат Севиља. Попладнето ни носи незаборавно искуство – автентичен **фламенко настап во палата**, каде што ќе ја почувствуваме страста на оваа неповторлива уметност. Следи слободно време за шопинг и индивидуални активности.Трансфер назад до хотелот околу 21:00 часот. Ноќевање.

## 3 ДЕН. 30.12.2025 КОРДОБА

Појадок во хотел. Се упатуваме со автобус кон Кордоба (патување окулу 1,5 час). По пристигнувањето, ќе имаме панорамска тура и прошетка со локален водич кој ќе ни ги претстави најважните знаменитости на овој историски град. Ќе ја посетиме Големата Џамија (Мескита) – еден од највпечатливите и најдобро сочувани споменици од времето на Омајадите, уникатен по својата архитектура и духовно значење. Потоа, ќе прошетаме низ еврејската населба, позната по своите живописни патија (дворишта полни со цвеќе). Следува време за уживање во вкусната андалузиска кујна во некој од локалните ресторани. По ручекот, се враќаме назад во Севиља. Ноќевање.

## 4 ДЕН. 31.12.2025 ГРАНАДА – ТОРЕМОЛИНОС

По појадокот, со спакуван багаж, го напуштаме хотелот во Севиља и се упатуваме со автобус кон Гранада (патување окулу 2,5 часа). Гранада е еден од најубавите и најисториски градови во јужна Шпанија, сместен во регионот Андалузија. По пристигнувањето, нè пречекува нашиот локален водич кој ќе не внесе во магијата на најпосетениот споменик во цела Шпанија – величенствената АЛХАМБРА со нејзините прекрасни градини. Овој светски познат комплекс од маварскиот период ќе ве воодушеви со својата архитектура, богатата историја и софистицираната игра на светлина и вода во дворовите. НАПОМЕНА: Алхамбра се разгледува само однадвор, нема можност за влез внатре! По Посетата на Гранада, продолжуваме кон Торемолинос, сместување во хотел, одмор и подготовка за прзничната вечер. Можност за организиран дочек на Нова Година во хотел (доколку нуди таква опција, со доплата), или слободно време за индивидуални активности и дочек во Торемолинос, или предлог поаѓање кон Малага каде што може да ја дочекате Новата Година на некој од плоштадите во права празнична атмосфера. Ноќевање.

## 5 ДЕН. 01.01.2026 ТОРЕМОЛИНОС – МАРБЕЉА – РОНДА – ТОРЕМОЛИНОС

По првиот појадок во новата година, предлагаме *факултативна* екскурзија низ бисерите на Коста Дел Сол. Ќе започнеме со посета на Марбеља, едно од најпознатите и најелитни летувалишта. Ова живописно место, сместено во срцето на регионот, долго време е омилена дестинација на светскиот џет-сет. Луксузните вили изградени од страна на аристократи и филмски ѕвезди, познатата марина Puerto Banús со своите јахти и бутици од светски брендови, како и бројните терени за голф, ѝ даваат на Марбеља печат на ексклузивност и префинетост. Оваа екскурзија ќе нè однесе и во Ронда, град сместен на 750 м.н.в., на работ од длабок кањон, со спектакуларниот мост Пуенте Нуево – една од најфотографираните атракции во Шпанија со поглед кој не се заборава. Ронда е и колепка на борбите со бикови (Корида), со најстарата арена што и денес сведочи за оваа традиција. Враќање назад во хотел. Ноќевање.

## 6 ДЕН. 02.01.2026 ТОРЕМОЛИНОС – МАЛАГА

Појадок. Конечно денот за откривање на Малага – најголемиот град на југот на Шпанија, познат како „Престолнина на Коста дел Сол“ и родното место на генијалниот уметник Пабло Пикасо. Ќе имате можност да го посетите музејот посветен на неговиот живот и уметност, кој се наоѓа во срцето на неговиот роден град. Следува прошетка низ живописниот стар дел на градот, со посета на Римскиот театар, прекрасната Катедрала – наречена и „Еднорака дама“ поради нејзината недовршена втора кула, како и уживање во атмосферата на тесните калдрмисани улички исполнети со шарм и историја. Сместена на брегот на Медитеранот, Малага нуди идеален спој на древни културни влијанија и современ градски пулс. Ќе ги видите и мавританската тврдина Гибралфаро, која се издига над градот, како и импресивната палата Алкасаба, некогашна резиденција на муслиманските владетели, која иако често засенета од славната Алхамбра, нуди свој уникатен шарм и погледи што одземаат здив. Слободно време за индивидуални активности, прошетки покрај море или уживање во локалната гастрономија. Враќање во хотел, ноќевање.

## 7 ДЕН. 03.01.2026 МАЛАГА - СКОПЈЕ

Појадок. Трансфер до аеродромот. Лет за Истанбул со авио компанијата Turkish Airlines во 12:40 часот (TK1304). Слетување во **Истанбул во 19:05 часот. Лет за Скопје во 20:15 часот (TK1005). Пристигнување во Скопје во 19:45 часот по локално време.**

| АНДАЛУЗИЈА – НОВА ГОДИНА<br>ХОТЕЛ 4* и 3*<br>Ноќевање со појадок | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 28.12.2025 – 03.01.2026 |
|---|---|---|
| | УСЛУГИ | Ноевање со појадок |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 6 Ноќи / 7 Дена |
| Регуларна Цена по лице во двокреветна соба | | 1.395 € / 86.490 мкд |
| ~~EARLY BOOKING ЦЕНА по лице за резервации до 06.12.2025~~ | | ~~1.295 € / 80.290 мкд~~ |
| Доплата за еднокреветна соба | | 215 € / 13.330 мкд |
| Попуст за дете од 02-11,99 години | | -60 € / 3.720 мкд |

**Во цената е вклучено:**
- Во цената е вклучено:
- Авионски превоз на релација Скопје – Истанбул – Севиља - Малага – Истанбул – Скопје, со Turkish Airlines.
- Аеродромски такси, чекиран багаж 20кг и рачен багаж 8кг.
- 3 ноќевања во хотел 4* во Севиља со појадок
- 3 ноќевања во хотел 3* во Малага со појадок
- Фламенко Шоу во Севиља, разглед и влезница во АЛКАЗАР Палата, посета на Алхамбра Палата (однадвор, без влезница), Голема Џамија во Кордоба.
- Придружник на групата за време на престојот во Шпанија, локални водичи, организација на аранжманот.

**Во цената не е вклучено:**
- Патничко здравствено осигурување.
- Дополнителни оброци, пијалоци и други индивидуални трошоци.
- Факултативна посета на Марбелја и Ронда – со превоз и локален водич 100 еур по лице ( пријавување во агенција )
- Влезница за Катедралата во Севиља – 20 еур по лице ( пријавување во агенција )

**Важни Забелешки:**
- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 20 патници. Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- За резервации потребна е авансна уплата во висина од 30% од вкупнот износ на аранжманот, целосна доплата најдоцна петнаесет (15) дена пред поаѓање.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Минимален број за реализација на факултативите по дадените цени во програмата е 20 патници, во спротивно цената може да биде соодветно корегирана.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- **За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс**.